# Како
## да ги остварам и заштитам моите права?

# Колку
## ќе ме чини тоа?

# ОКОЛУ ПОТРЕБАТА ОД ОВОЈ ВОДИЧ:

Сопственоста, работните односи, пензиското и инвалидското осигурување, договорите се само дел од правните области со кои секојдневно се соочуваат македонските граѓани, понекогаш за да остварат некое право, а не така ретко и за да побараат заштита кога им е повредено некое право. Остварувањето и заштитата на овие права се спроведува преку определени **постапки, односно преку збир од дејствија** што се одвиваат пред судовите или пред органите на државната управа.

Дали определена постапка ќе се спроведе и дали ќе се успее во неа зависи пред сè од:

- познавањето на правниот систем, и
- можноста да се покријат трошоците од овие постапки.

Граѓаните кои немаат познавања од областа на правото и кои не се во можност да платат адвокат имаат отежнат пристап до правдата. Имајќи предвид дека 1/3 од населението во Република Македонија е сиромашно и дека најчесто му е оневозможено правото на пристап до јасни и разбирливи упатства за решавање на правните проблеми со кои се соочува, очигледна е потребата од нивно правно подучување, со што ќе се надомести празнината во овозможувањето еднаков пристап до правдата за сите граѓани независно од нивната материјална положба.

# ШТО СОДРЖИ ОВОЈ ВОДИЧ?

Овој водич содржи краток и јасен опис на најчестите правни проблеми со кои се соочуваат граѓаните, правата и условите за нивно остварување и преглед на видовите и висината на трошоците што произлегуваат од овие постапки. Важен дел од водичот се упатствата за можностите и начините за ослободување од плаќање на трошоците во судските и во управните постапки за лицата кои не се во можност да ги покријат.

# ЗА КОГО Е НАМЕНЕТ ОВОЈ ВОДИЧ?

Овој водич е наменет за:

- граѓаните и другите лица кои имаат потреба од заштита и остварување на своите права, а чија материјална положба е загрозена,
- здруженијата на граѓаните кои работат со ранливите категории граѓани.

---

**Напомена:** Содржината и упатствата содржани во овој водич не претставуваат правен совет врз основа на кој може да се поведе поединечна постапка и не ја заменуваат правната помош од стручно и овластено лице.

---

# СОДРЖИНА


**1. Упатство за користење на прирачникот....................................2**

**2. Судски постапки..................................................................5**

**ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ..........................................................5**
1. Што претставуваат судовите?..................................................5
2. Какви видови на судови постојат?............................................5
3. Какви видови судски постапки постојат?..................................5

**НАЈЧЕСТИ ПРАВНИ ПРОБЛЕМИ ЗА КОИ СЕ БАРА СУДСКА ЗАШТИТА.........6**
1. Право на сопственост..............................................................6
2. Права од работни односи..........................................................9
3. Заштита на потрошувачи........................................................11
4. Семејни односи......................................................................12

**ТРОШОЦИТЕ ВО СУДСКИТЕ ПОСТАПКИ.........................................15**
1. Судски такси.........................................................................15
2. Трошоци за правна помош (Адвокатски трошоци).......................17
3. Трошоци за вештачење............................................................17
4. Кои се последиците од успехот или неуспехот во постапката во однос на трошоците?..........................................................................18

**3. Управни постапки..................................................................20**

**ОПШТИИНФОРМАЦИИ...........................................................20**
1. За што се одлучува во управните постапки?..............................20
2. Кои се најчестите правни прашања за кои се одлучува во управни постапки?..........................................................................20
3. Вообичаен тек на управните постапки......................................20

**НАЈЧЕСТИ ПРАВНИ ПРОБЛЕМИ ЗА КОИ СЕ ОСТВАРУВААТ И ЗАШТИТУВААТ ВО УПРАВНИ ПОСТАПКИ............................................21**
1. Право на пензиско и инвалидско осигурување..........................21
2. Здраствено осигурување.........................................................22
3. Право на социјална заштита....................................................23
4. Постапки поврзани со правото на сопственост (денационализација, приватизација, легализација)..............................................24

**ТРОШОЦИТЕ ВО УПРАВНИТЕ ПОСТАПКИ......................................25**
1. Кои видови трошоци се појавуваат во управните постапки?.........25
2. Административни такси..........................................................25

# УПАТСТВО ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ВОДИЧОТ

- Водичот содржи **опис на најчестите правни проблеми** со кои се соочуваат македонските граѓани, групирани во зависност од тоа кој орган одлучува - судот или орган на државната управа. Во првиот дел од Водичот се дадени постапките во кои одлучуваат судовите, а во вториот дел постапките во кои одлучуваат државните органи.

- За одделни правни проблеми, Водичот дава одговор на следниве прашања:
    - Кои се правата од таа област и што содржат?
    - Кои се условите за исполнување на тие права?
    - Како може да се загрозат правата?
    - Како се заштитуваат?
    - Кај дел од постапките е даден и приближен преглед на трошоците што би ги имала странката.

- Особено внимание во Водичот е посветено на **трошоците во постапките** што се мошне сериозна пречка за сиромашните граѓани, кои немаат средства за да започнат и да водат постапка за решавање на определено правно прашање.

Водичот содржи опис на:

- видовите трошоци (судски такси, административни такси, трошоци за адвокат и сл.);
- начинот на пресметување;
- режимот на трошоците (кој ги покрива?), и
- можностите за ослободување од трошоците.

## Општи информации

### 1. Што претставуваат судовите?

Судовите се **самостојни** и **независни** државни органи кои одлучуваат:

| | *Пример* |
|---|---|
| **за правата и слободите на човекот и граѓанинот** | *Правото на сопственост, права од договори итн.* |
| **во споровите меѓу граѓаните и другите правни субјекти** | *Спорот со банка поради неисплатен кредит, работни спорови итн.* |
| **за кривичните дела и прекршоците** | *Кражба, Телесна повреда, Нарушување на јавен ред и мир* |

### 2. Во Македонија, заштита на правата пред судовите може да се бара пред:

| | За што одлучува? |
|---|---|
| **Основни судови** | Одлучуваат во прв степен во кривични дела и прекршоци и во прв степен во граѓански постапки. |
| **Апелациони судови** | Одлучуваат по жалби против одлуките на основните судови, решаваат судир на надлежности и други работи утврдени со закон. |
| **Врховен суд на РМ** | Решава во трет и последен степен по жалбите против одлуките на апелационите судови, одлучува по вонредни правни лекови против правосилните одлуки на судовите и одлуките на своите совети и други работи определени со закон. |
| **Управен суд на РМ** | Одлучува за законитоста на актите на државните органи, Владата и на носителите на јавните овластувања, донесени во форма на пропис, ако тие ги уредуваат поединечните односи и други работи определени со закон. |
| **Виш управен суд на РМ** | Решава по жалбите против одлуките на Управниот суд. |

### 3. Какви видови судски постапки постојат?

| Вид на постапка | За што одлучува судот? |
|---|---|
| **Парнична постапка** | Спор во врска со сопственоста, спорови од работен однос, развод на брак итн. |
| **Вонпарнична постапка** | Поделба на имот стекнат во брак, расправање на оставина и останати прашања. |
| **Кривична постапка** | Утврдување кривична одговрност за сторено кривично дело. |
| **Прекршочна постапка** | Нарушување на јавниот ред и мир, сообраќајни прекршоци итн. |

# НАЈЧЕСТИ ПРАВНИ ПРОБЛЕМИ ЗА КОИ СЕ БАРА СУДСКА ЗАШТИТА

## Право на сопственост

### 1. Што претставува сопственоста?

Сопственоста претставува однос на човекот спрема определена ствар (подвижна или недвижна) која му овозможува држење, користење и располагање со таа ствар.

### 2. Кои права ги овозможува приватната сопственост?

*Пример: Право на Сопственост на стан од 60 м$^2$*

| | |
|---|---|
| **Поседување** | Пристап до станот и оневозможување пристап во истиот од страна на други лица. |
| **Користење** | Домување во станот. |
| **Располагање** | Можност станот да се продава, подарува, даде под закуп или да се стави под залог (хипотека). |

### 3. Како се стекнува сопственоста?

*Пример: Право на Сопственост на стан од 60 м$^2$*

| | |
|---|---|
| **Полноважно правно дело** | Договор за купопродажба или договор за дар заверени кај нотар и запишани во Катастарот на недвижности. |
| **Наследување** | По смртта на сопственикот станот преоѓа на наследниците, врз основа на тестамент или закон. |
| **Одлука на државен орган** | Станот е вратен во сопственост со одлука за денационализација. |
| **Закон** | По истек на 20 години, законскиот и совесен држател на станот станува сопственик. |

### 4. Како може да се загрози правото на сопственост?

*Пример: Право на Сопственост на стан од 60 м$^2$*

- Со насилно влегување во станот;
- Со оневозможување на пристапот до станот;
- Со истовремена продажба на ист стан на повеќе лица итн;

## 5. Како се заштитува сопственоста?

Сопственикот кој смета дека со дејствијата од претходната точка му е загрозено правото на сопственост може да бара заштита на правото со поднесување тужба до Основниот суд во чија надлежност се наоѓа недвижноста. За видот на тужбата, тужениот и за доказните средства се одлучува во соработка со стручно лице адвокат.

*Пример: Право на Сопственост на стан од 60 $м^2$*

| Клучно за успех во постапката е да се докаже: | Како се докажува? |
|---|---|
| Кој е сопственик на станот? | Извод од имотен лист, поседовен лист или одлука на суд или државен орган. |
| Кој владее со станот во моментов? | Изјава на странката, сведоци, увид на самото место, доказ за плаќање на данокот на имот. |
| Во што се состои повредата на правото? | Изјава на странката, сведоци, увид на самото место. |

## 6. Колку чини заштитата на правото на сопственост?



Заштита на сопственоста во судските постапки не е бесплатна и вклучува повеќе видови трошоци од чиешто времено плаќање зависи дали воопшто ќе се постапува по тужбата или не. Имајќи предвид дека предмет на овие спорови честопати се становите и другите недвижности чијашто вредност е значителна, а од друга страна судските такси и другите трошоци се пресметуваат во зависност од пазарната вредност на предметот на спорот, може да се каже дека овие постапки се едни од поскапите во македонскиот правен систем. Приближна пресметка на трошоци за водење на постапка во спорот околу станот од примерот претходно:

| - преглед на трошоците - | | |
|---|---|---|
| **Вид на трошок** | **Износ** | **Објаснување** |
| **1. Такса за тужба** | **48.000,00 ден.** | Се пресметува во согласност со Законот за судските такси и зависи од вредноста на предметот на спорот. |
| **2. Изработка на тужба** | **3.900,00 ден.** | Дел од адвокатските трошоци се пресметуваат по договор со адвокатот на износ што не е помал од износот определен со адвокатската тарифа. |
| **3. Вештачење** | **6.000,00 ден.** | Судијата ја определува наградата на вештакот врз основа на приложениот трошковник. |
| **4. Застапување на две рочишта** | **(4680,00*2) 9.360,00 ден.** | Дел од адвокатските трошоци се пресметуваат по договор со адвокатот на износ што не е помал од износот определен со адвокатската тарифа. |
| **5. Такса за пресуда** | **48.000,00 ден.** | Се пресметува во согласност со Законот за судските такси и зависи од вредноста на предметот на спорот. |
| **ВКУПНО** | **115.260,00 ден.** | |

** Во случај тужбата да виде целосно уважена, тужениот ќе биде должен да ги надомести сите оправдани трошоци на тужителот.*



# Права од работен однос

## 1. Кои права ви припаѓаат како работник?

Со вработувањето се воспоставува однос помеѓу работникот и работодавецот, во кој работникот ги има следниве права и обврски:

| ПРАВА НА РАБОТНИКОТ | ОБВРСКИ НА РАБОТНИКОТ |
|---|---|
| **Право на заработувачка (плата)** | Совесно извршување на работните обврски. |
| **Право на надоместување на трошоците поврзани со работата** | Почитување на барања и упатствата од работодавецот. |
| **Право на безбедни работни услови** | Почитување на прописите за заштита при работа. |
| **Право на дневен, неделен и годишен одмор** | Известување за суштинските околности поврзани со работата. |
| **Право на посебна заштита за вршење на подземни работи** | Забрана за штетно дејствување. |
| **Право на посебна заштита поради бременост и родителство** | Чување на деловна тајна и др. |
| **Право на посебна заштита на работници кои не наполниле 18 години и др.** | |

## 2. Како можат да се загрозат правата од работен однос?

Правата од работниот однос можат да се загрозат со непридржување на работодавецот или работникот кон Договорот за вработување, Колективниот договор или Законот за работни односи. Загрозувањето на овие права се остварува со нивно ограничување или целосно оневозможување.



*Пример:*
*Неисплата на месечна плата, работа во небезбедени услови, неодобрување на годишен одмор.*

## 3. Како се заштитуваат правата од работен однос?

- Писмен приговор до работодавецот;
- Претставка/известување до трудовиот инспекторат;
- Известување до синдикатот, доколку работникот е член,
- Тужба и водење постапка пред надлежниот суд.

*Пример: За неисплатени плати и придонеси работникот може да поднесе тужба до основниот суд, во која бара исплата на платите и придонесите. За видот и содржината на тужбата е потребна правна помош од стручно лице - адвокат.*

## 4. Колку чини заштитата?

*Приближна пресметка на трошоци за водење на постапка во работен спор за неисплатени плати и придонеси во висина од 90.000 денари:*

| Вид на трошок | Износ | Објаснување |
|---|---|---|
| 1. Такса за тужба | 1,600,00 ден. | Се пресметува во согласност со Законот за судските такси и зависи од вредноста на предметот на спорот. |
| 2. Изработка на тужба | 3.900,00 ден. | Во согласност со адвокатската тарифа, за работните односи е предвидена највисока награда. Адвокатските трошоци се пресметуваат по договор со адвокатот, на износ што не е помал од износот определен со адвокатската тарифа. |
| 3. Вештачење | 3.000,00 ден. | Судијата ја определува наградата на вештакот врз основа на приложен трошковник. |
| 4. Застапување на две рочишта | (4.680,00*2) 9.360,00 ден. | Во согласност со адвокатската тарифа, највисока награда е предвидена за работните односи. Адвокатските трошоци се пресметуваат по договор со адвокатот, на износ што не е понизок од износот определен со адвокатската тарифа. |
| 5. Такса за пресуда | 1.600,00 ден. | Се пресметува во согласност со Законот за судските такси и зависи од вредноста на предметот на спорот. |
| ВКУПНО | 19.460,00 ден. | |

** Во случај тужбата да биде целосно уважена, тужениот ќе биде должен да ги надомести сите оправдани трошоци на тужителот.*

## Заштита на потрошувачите

Заштитата на потрошувачите е широка област којашто опфаќа заштита на правата на граѓаните како потрошувачи на добра и услуги. Водичот содржи само краток приказ на проблемите поврзани со т.н. комунални давачки кои граѓаните ги имаат од оваа област, а се дел од областа на заштитата на потрошувачите.

### 1. Правни проблеми поврзани со т.н. комунални давачки?

Граѓаните честопати се соочуваат со правни проблеми што произлегуваат од користењето на комуналните услуги (електрична енергија, телефон, вода, радиодифузна такса, топлинска енергија).

| ПРОБЛЕМИ | ЗАШТИТА |
| --- | --- |
| **1. Нискиот квалитет на добиената услуга** (Пад на напонот на електричната мрежа, пад на притисокот на водата, неисфрлање смет, ладни радијатори и сл. ) | - Писмен приговор до обезбедувачот на услугата<br>- Известување на надлежното регулаторно тело, доколку постои (на пример, претставка до Агенцијата за електронски комуникации за проблеми во користењето на телекомуникациските услуги);<br>- Претставка до Државниот пазарен инспекторат;<br>- Тужба за неисполнување на договорните обврски, со барање за надомест на штета. |
| **2. Погрешни пресметки за наплата** (Поради грешки во системите за евиденција за наплатата, честопати се случува да се фактурираат износи кои се веќе наплатени) | - Писмен приговор до обезбедувачот на услугата;<br>- Известување на надлежното регулаторно тело, доколку постои (на пример, претставка до Агенцијата за електронски комуникации за проблеми во користењето на телекомуникациските услуги);<br>- Претставка до Државниот пазарен инспекторат. |
| **3. Тужби поради неплатени сметки** Поради неплатени сметки може да биде поднесен платен налог. Оваа постапка се води пред надлежен нотар и е поедноставена и побрза од редовната судска постапка. | - Писмен приговор до обезбедувачот на услугата.<br>- Приговор за застареност на долгот. |

### Кога застаруваат долговите спрема обезбедувачите на комуналните услуги?

Побарувањата за електрична и топлинска енергија, гас, вода, телефон застаруваат за 1 година.

### Што значи тоа?

Неплатените сметки за комунални давачки кои се постари од една година, а за кои во меѓувреме не е поднесена тужба претставуваат застарени долгови.

### НО

За застареноста да има правно дејство потребно е да се истакне приговор за застареност пред суд, односно пред нотар. Доколку не се поднесе приговор, судот односно нотарот ќе досуди надомест на вкупниот долг, не водејќи сметка за застареноста.

## Семејни односи

Најчести прашања од семејните односи за кои се одлучува во судска постапка судот се: разводот на брак и имотните односи на брачните другари.

## 1. Развод на брак

### 1. Во кои случаи може да се бара развод на бракот?

- По спогодба на брачните другари;
- Доколку брачните односи се нарушени до таа мера што заедничкиот живот станал неподнослив, или
- Ако брачната заедница фактички престанала да функционира подолго од една година.

Во првиот случај, предлог за развод на бракот поднесуваат заеднички двајцата брачни другари, а во другите секој брачен другар може поединечно да поведе постапка пред надлежниот суд.

### 2. Како се одвива постапката?

I – Поднесување тужба или предлог за спогодбен развод на брак до Основниот суд.

II – Судот закажува рочиште за помирување и го известува Центарот за социјални работи, доколку брачните другари имаат малолетни деца.

III – Доколку не успее рочиштето за помирување, се закажува рочиште на главна расправа, на кое учествуваат брачните другари,

IV – Врз основа на рочиштето, судот донесува пресуда за развод на бракот. Во пресудата е содржана и одлука за чување на малолетните деца. За имотните постапки се поведува посебна постапка.

## 3. Колку чини постапка за развод на брак?

*Пример: Брачните другари се во брак 12 години и имаат две малолетни деца и заеднички стан во вредност од 50.000 евра. Поради крајна нарушеност на брачните односи еден од нив одлучува да побара развод.*

| Приближна пресметка на трошоците за водење на постапка | | |
|---|---|---|
| **Вид на трошок** | **Износ** | **Објаснување** |
| **1. Такса за тужба** | **800,00 ден.** | Се пресметува во согласност со Закон за судските такси. Како основица за пресметување на таксата се зема 20.000,00 денари. |
| **2. Изработка на тужба** | **1.950,00 ден.** | Дел од адвокатските трошоци се пресметува по договор со адвокатот, на износ што не е понизок од износот определен со адвокатската тарифа. |
| **4. Застапување на две рочишта** | **(2.340,00*2) 4.680,00 ден.** | Дел од адвокатските трошоци се пресметува по договор со адвокатот, на износ што не е понизок од износот определен со адвокатската тарифа. |
| **5. Такса за пресуда** | **800,00 ден.** | Се пресметува во согласност со Закон за судските такси. Како основица за пресметување на таксата се зема 20.000,00 денари. |
| **ВКУПНО** | **8.230,00 ден.** | |

**Во случај на развод на брак, секоја страна ги покрива своите трошоци во постапката. Во одделни случаи, доколку некоја од странките со своите дејствија предизвика дополнителни трошоци за другата страна, таа ќе биде задолжена да ги надомести трошоците на постапката на другата страна.*

## 2. Имотни односи на разведени брачни другари



За време на траење на бракот, брачните другари заеднички придонесуваат во издржувањето на брачната заедница и заеднички стекнуваат имот. Овој имот може да биде заеднички или посебен. Во случај на развод на бракот, се дели само заедничкиот имот.

## 1. Што претставува заедничкиот имот?

Имотот што брачните другари заеднички ќе го стекнат во текот на бракот.

## 2. Што претставува посебниот имот?

Имотот кој едниот брачен другар го имал во време на склучување на бракот. Посебен имот е и имотот стекнат врз основа на: наследство, подарок, стварите стекнати во бракот кои служат исклучиво за задоволување на личните потреби на брачните другари, доколку не претставуваат несразмерно голема вредност во споредба со вредноста на вкупниот имот.

## 3. Како се дели заедничкиот тимот?

Во случај на развод на бракот, заедничкиот имот се дели или со Договор за поделба на заедничкиот имот пред надлежен нотар или во вонпарнична судска постапка која е одвоена од постапката за развод на бракот.

### На колкави делови се дели заедничкиот имот?

- Вообичаено, имотот се дели на два еднакви дела.
- По барање, на еден од брачните другари може да му се определи поголем дел од заедничкиот имот, доколку тој докаже дека неговиот придонес е значително поголем од придонесот на другиот брачен другар.
- На брачниот другар на кој му е доверено издржувањето на децата, му се доделуваат оние средства кои служат за децата или се наменети за нивна лична употреба.

## 4. Колку чини постапката за делба на заедничкиот имот?

| Приближна пресметка на трошоците на постапката | | |
|---|---|---|
| **Вид на трошок** | **Износ** | **Објаснување** |
| **1. Такса за предлог** | **800,00 ден.** | Се пресметува во согласност со Закон за судските такси. |
| **2. Состав на предлог** | **3.900,00 ден.** | Дел од адвокатските трошоци се пресметува по договор со адвокатот, на износ што не е понизок од износот определен со адвокатската тарифа. |
| **4. Застапување на две Орочишта** | **2x4.680,00 = 9.360,00 ден.** | Дел од адвокатските трошоци се пресметува по договор со адвокатот, на износ што не е понизок од износот определен со адвокатската тарифа. |
| **5. Такса за одлука** | **960,00 ден.** | Се пресметува во согласност со Закон за судските такси. Како основица за пресметување на таксата се зема 20.000,00 денари. |
| **ВКУПНО** | **15.020,00 ден.** | |

*Трошоците ги покриваат двајцата брачни другари.*

# ОКОЛУ ТРОШОЦИТЕ ВО СУДСКИТЕ ПОСТАПКИ

Водењето на судските постапки, како што е опишано погоре, не е бесплатно и понекогаш може да биде многу скапо, особено за сиромашните граѓани и да претставува пречка во остварувањето и заштитата на нивните права. Затоа, од особено значење е граѓаните да бидат запознаени со видовите трошоци во судските постапки, со нивната висина и со можностите за ослободување во случај на тешка социјална и материјална положба.

## Судски такси

### 1. Што претставуваат судските такси?

Судските такси се парични надоместоци кои се плаќаат за водење постапки пред судовите во Република Македонија и претставуваат приход во буџетот на РМ. Видовите, висината и плаќањето на судските такси се регулирани со Законот за судските такси (Сл. весник на РМ 114/2009 и 148/2012). Судски такси се плаќаат за дејствијата пред судовите во РМ, за поднесоците (тужби, жалби, приговори и сл.), како и за одлуките (пресуди, решенија). Од плаќањето на судската такса зависи дали судот ќе преземе или нема да преземе определено дејствие. Судските такси се плаќаат во готовина, на соодветна уплатна сметка. Копија од уплатницата се приложува кон поднесокот што се доставува до судот. Постои и законска можност за плаќање на судските такси преку мобилни оператори или преку интернет, меѓутоа нивната поширока употреба е сè уште во развивање.

### 2. Како се пресметуваат судските такси?



Висината на судските такси зависи од видот на дејствието кое се поведува (тужба, приговор, одговор на тужба, пресуда, жалба) и од вредноста на предметот на постапката, односно се преместува врз основа на Таксената тарифа, која е дел од Законот за судските такси.

| Износ на судски такси за тужба за определени постапки | |
|---|---|
| **Вид на тужба** | **Износ на судската такса** |
| Тужба за развод на брак | **800,00 ден.** |
| Тужба поради смеќавање на владение | **1.200,00 ден.** |
| Тужба за исполнување на обврските од договор за доживотна издршка | **800,00 ден.** |
| Тужба за надомест на неисплатени плати и придонеси од работен однос во висина од 130.000,00 ден. | **2.600,00 ден.** |
| Тужба за признавање на правото на сопственост над стан во вредност од 2.460.000,00 ден. (40.000 евра) - пример | **48.000,00 ден.** |

## 3. Кој може да биде ослободен од плаќањето судски такси?

Секоја странка на која со плаќањето на таксата **значително би и се намалиле средствата од кои се издржува таа или членовите на нејзиното семејство**. Со други зборови, лицата кои живеат во крајна сиромаштија, кои немаат приходи и на кои плаќањето на судската такса би им ја загрозило издршката имаат можност да бараат да бидат ослободени од плаќањето судска такса.

## 4. Како се стекнува ослободување од плаќање на судски такси?

**I. Поднесување предлог за ослободување од плаќање на судски такси.**
Кон Предлогот се приложува **доказ за имотната состојба, издаден од надлежен орган,** која се утврдува врз основа на податоците за приходите на тоа лице и на членовите на неговото домаќинство по сите основи. Се приложува и **изјава за неговата материјална-социјална положба за период од 6 месеци пред доставувањето на предлогот.**

**II. За поднесениот предлог судот одлучува во рок од 5 дена.**

## 5. Што претставува ослободувањето од плаќање на судските такси?

Странката која е ослободена од плаќањето судски такси не е обврзана да ги плати таксите за тужба, пресуда, жалба и сл., кои во спротивно би морала да ги плати.

## Трошоци за правна помош (адвокатски трошоци)

### 1. Што вклучуваат адвокатските трошоци?

Адвокатски трошоци се наградата и надоместок на трошоците за дадената правна помош од страна на адвокатите. Висината на наградата за адвокатите се договара со адвокат, меѓутоа истата не смее да биде пониска од ТАРИФАТА за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите.

**Тарифата може да се најде на следниов линк:**

http://www.mba.org.mk/index.php?option=com_content&task=view&id=28&Itemid=59.

Правната помош од адвокат е од суштинско значење за успехот во определена постапка.

## Трошоци за вештачење

### 1. Што претставува вештачењето?

Во повеќе видови постапки при утврдувањето на фактичката состојба се јавува потреба од вклучување стручни лица кои со своето знаење и стручност ќе го појаснат постоењето/непостоењето на факти релевантни за донесувањето одлука. Вештачењето е изготвување стручен наод и мислење кое е изработено врз основа на примена на научни и стручни методи, технички достигнувања, стручни знаења и искуства во дефинираните области.

### Кога се изработува вештачењето?

Во согласност со важечкиот Закон за парнична постапка, вештачењето односно наодот и мислењето мора да бидат доставени заедно со тужбата или одговорот на тужбата. Доколку вештачењето не биде доставено, доказот нема да биде изведен.

### 2. Во кои области се применува вештачењето?

*Материјално, сметководствено и финансиско работење, медицина (психијатрија, невропсихијатрија, хирургија, гинекологија, кардиологија, ортопедија и други), ветеринарство, градежништво и архитектура, графологија, балистика.*

## Кои се последиците од успехот, односно неуспехот во постапката во однос на трошоците?

### 1. Кој ги покрива трошоците на постапките?

Секоја од странките сама и однапред ги поднесува трошоците што ги предизвикала со своето дејствие, а од плаќањето зависи дали определено дејство ќе биде спроведено. Со други зборови, судот нема да постапи по тужба ниту да преземе друго дејствие за кое не е платена судска такса. Во случаите кога странката предлага изведување докази, таа е должна однапред да го положи износот потребен за намирување на трошоците што ќе настанат по повод изведувањето на доказите.

### 2. Што во случај ако немам доволно средства за водење на постапката?

Доколку странката поради слабата имотна состојба не е во можност да ги поднесува трошоците на постапката, таа може да побара од судот ослободување од плаќање на трошоците на постапката. Ослободувањето опфаќа ослободување од плаќање такси, како и ослободување од полагање аванс на трошоците за сведоците, вештаците, за увид и за судските огласи. Странката може да бара ослободување од плаќање такси и во случај кога со плаќањето на таксите значително би биле намалени средствата со кои се издржува странката.



**Критериуми врз основа на кои се донесува одлуката**

1. Вредноста на предметот на спорот
2. Бројот на лицата што ги издржува странката
3. Приходите што ги имаат странката и членовите на семејството

## Постапка за ослободување од трошоците на постапката

→ **Поднесување предлог до судот за ослободување од плаќање на трошоците на постапката,**

→ **Во прилог на предлогот се поднесува уверение од надлежен орган за имотната состојба** (износот на данокот што го плаќа домаќинството, други извори на приходи и, воопшто, имотната состојба на странката);
кога е тоа потребно, и самиот суд може по службена должност да ги собере потребните податоци и известувања за имотната состојба на странката која бара ослободување, а може и да ја сослуша спротивната странка

→ **Со решение на Судот, тој одлучува дали предлогот на странката се усвојува.**

## Што по ослободувањето?

*Со ослободувањето, странката е ослободена од плаќањето судски такси, трошоци за вештачење и други трошоци за обезбедување докази. При наполно ослободување, судот по барање на странката ќе определи полномошник (адвокат) ако е тоа нужно заради заштитата на правата на странката. Странката на која и е назначен полномошник се ослободува од плаќањето на трошоците и од наградата за назначениот полномошник. Полномошникот од редот на адвокатите го назначува претседателот на судот.*

## 3. Што ако успеам во постапката?

Странката која ќе ја загуби парницата е должна на спротивната страна да и ги надомести трошоците што ги имала во врска со парницата. Ова значи дека судските такси, трошоците за адвокат и другите трошоци ќе и бидат надоместени на страната која ја добила парницата, односно и е признаено тужбеното барање. Во случај на делумен успех, а со оглед на постигнатиот успех судот може да определи секоја странка да ги поднесува своите трошоци или едната странка да и надомести на другата сразмерен дел од трошоците.



## Општи информации

### 1. За што се одлучува во управните постапки?

Во управните постапки државните органи одлучуваат за правата на граѓаните кои се предвидени со одделни закони. За разлика од судските постапки кои вообичаено имаат форма на спор меѓу две спротивставени страни, во управните постапки барателите/граѓаните најчесто бараат од државните органи да им се признае определено право за кое ги исполнуваат законските услови.

### 2. Кои се најчестите правни области за кои се одлучува во управните постапки?

- Пензиско и инвалидско осигурување;
- Здравствено осигурување;
- Социјална заштита, и
- Денационализација, легализација и приватизација.

### 3. Вообичаен тек на управните постапки



# Пензиско и инвалидско осигурување

## 1. Кои се правата од пензиското и инвалидското осигурување?

| | |
|---|---|
| **Старосна пензија** | Старосна пензија се остварува со навршување на 64 години (за маж) и 62 години (за жена) и најмалку 15 години пензиски (работен) стаж. |
| **Семејна пензија** | Право на семејна пензија имаат вдовец/вдовица, дете и родител во случај на смрт на пензискиот осигуреник, по исполнување на определени услови. |
| **Инвалидска пензија** | Право на инвалидска пензија има осигуреникот кај кој е утврдено дека постои инвалидност поради промени во здравствената состојба што не можат да се отстранат со лекување, поради што настанува професионална неспособност или општа неспособност за работа. |
| **Паричен надомест за утврдено телесно оштетување** | Вакво право има осигуреник кај кого ќе настане телесно оштетување за време на траењето на осигурувањето под истите услови во поглед на пензискиот стаж под кои се стекнува со правото на инвалидска пензија. |
| **Паричен надомест за професионална рехабилитација** | Право на професионална рехабилитација има осигуреникот кај кој ќе настане инвалидност пред навршени 50 години живот, доколку според преостанатата работна способност може да се оспособи за друга работа со полно работно време. |

## 2. Каде се остваруваат овие права?

Орган надлежен за постапување по овие права е **ФОНДОТ ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ на РМ** (во натамошниот текст само „Фондот“) и подрачните одделенија во рамките на Фондот кои се распространети во сите поголеми градови во државата.

**Дополнителни информации за условите и за постапката за остварување на правата од пензиско и инвалидско осигурување можат да се добијат на веб-адресата на фондот:**

http://www.piom.com.mk

## 3. Како се остваруваат овие права?

Секое лице кое ги исполнува условите за правата од пензиското и инвалидското осигурување поднесува барање/пријава до Фондот. Со барањето се приложуваат и докази за исполнување на условите: работна книшка, извештај од лекарски комисии, потврда за престанок на работниот однос и сл. Детални информации за потребната документација можат да се добијат на веб-страницата на Фондот.

# Здравствено осигурување

## 1. Кои се правата од здравственото осигурување?

### I. ОСНОВНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ

1. **Примарна здравствена заштита**
   Прегледи кај матичен лекар, итна медицинска помош, здравствена заштита во врска со бременост и породување, стоматолог, лекови на позитивна листа
2. **Специјалистичко-консултативна здравствена заштита**
   Испитувања и утврдувања на заболувања и повреди, специјализирани дијагностички, терапевтски и рехабилитациони постапки.
3. **Болничка здравствена заштита**
   Болничко лекување

### II. ПАРИЧНИ НАДОМЕСТОЦИ

1. **Право на надомест на плата**
   Ова право се остварува во случај на привремена спреченост за работа (боледување). Висината на надоместокот може да изнесува најмногу до 70% од просечниот месечен износ на исплатена плата во последните 12 месеци. Доколку лицето е во работен однос помалку од 6 месеци, а со повредата се здобило надвор од работното место, нема право на надомест на плата.
2. **Право на надомест на плата поради бременост и мајчинство**
   Ова право се остварува во случај на отсуство од работа поради бременост и мајчинство и изнесува до 100% од просечниот месечен износ на исплатената плата во последните 12 месеци.

## 2. Кој има право на права од здравственото осигурување?

Лицата кои се осигуреници, односно кои плаќаат придонес за здравствено осигурување, а пред сè работникот во работен однос, самовработеното лице, корисникот на пензија, корисникот на некои од правата од социјалната заштита. Осигурени се и членовите на семејството на осигуреникот, доколку не се осигурени на друг начин.

## 3. Каде се остваруваат овие права?

Основните здравствени услуги се остваруваат во **здравствените установи кои имаат склучено договор со Фондот**. Паричните надоместоци се остваруваат во **ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РМ,** односно во подрачните одделенија на Фондот во сите поголеми градови во РМ.

## 4. Како се остваруваат правата?

Детални информации за видовите, условите, потребната документација за остварување на правата од здравствено осигурување можат да се добијат на веб-страницата на Фондот за здравствено осигурување:

http://www.fzo.com.mk

# Социјална заштита

## 1. Зошто права од социјалната заштита?

Во текот на животот граѓаните се изложени на најразлични ризици кои во голема мера ја загрозуваат материјалната егзистенција и способноста за остварување определен приход. Ризиците можат да се однесуваат на: здравјето (болест или повреда), староста, самохраното семејство, невработеноста и големата сиромаштија. **Правата од социјалната заштита се воспоставуваат за надминување на споменатите ризици.** Социјалната заштита вклучува: 1. Институционална заштита; 2. Вонинституционална заштита, и 3. Парични права од социјалната заштита.

## 2. Кои се паричните права од социјалната заштита?

| ПРАВА | УСЛОВИ |
|---|---|
| **Социјална парична помош** | Лице кое е способно за работа, кое е материјално необезбедено и кое не може да оствари егзистенција според други прописи. |
| **Постојана парична помош** | Лице кое е неспособно за работа, кое е материјално необезбедено и кое не може да оствари егзистенција според други прописи. |
| **Помош за дете без родители** | Лице кое до 18-тата година имало статус на дете без родители и родителска грижа и кое нема имот и приходи од кои може да се издржува додека да наполни 26 години. |
| **Помош на мајка која родила 4-то дете** | Мајка која се грижела за децата до нивната 18 година, која е невработена и не користи право на пензија по наполнување на 62 години. |
| **Надоместок за помош и нега од друго лице** | Лице над 26 години со умерени, длабоки и тешки пречки во менталниот развој, лице со потешка и најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице, како и лице со трајни промени во здравствената состојба на кое му е неопходна помош и нега од друго лице. |
| **Еднократна парична помош и помош во натура** | Лице или семејство кои се нашле во состојба на социјален ризик, како и лице или семејство заради претрпена природна непогода или епидемија и подолго лекување во здравствена установа. |
| **Надомест на плата за скратено работно време за нега на дете со пречки во развојот** | Родител на дете со пречки во развојот кој остварува работа во скратено работно време. |
| **Парична помош за социјално домување** | Социјално загрозени лица кои се станбено необезбедени. |
| **Право на здравствена заштита** | Корисниците на споменатите права имаат и право на здравствена заштита. |

## 3. Каде се остваруваат овие права?

Државен орган кој обезбедува социјална заштита се **ЦЕНТРИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА**. Секој граѓанин кој смета дека се наоѓа во социјален ризик и ги исполнува условите за спомenатите права, може да побара одобрување на право од Центарот за социјална заштита во местото на живеење.

# Денационализација, приватизација, легализација

## 1. Појаснување на постапките

Овие поими претставуваат три одвоени постапки кои се однесуваат пред сè на правото на сопственост на недвижен имот. Нивното често споменување и обврската за голем број граѓани да ги спроведат, доведува до забуна, преклопување и погрешна претстава кај граѓаните, па поради тоа е потребно нивно разграничување и појаснување:

| | Денационализација | Приватизација | Легализација |
|---|---|---|---|
| **Што претставува?** | Враќање во сопственост на имот или надомест кој е одземен (национализиран) за време на СФРЈ во периодот од 1945 до 1960. | Стекнување сопственост на земјиште во државна сопственост на кое право на трајно користење имаат физички и правни лица. | Утврдување легален статус на бесправно изградени објекти (диоградби). |
| **Кој орган одлучува?** | Министерство за финансии – Управа за имотно-правни работи | Министерство за финансии – Управа за имотно-правни работи | Општината на чие подрачје е изградена бесправната градба |
| **Во кој закон е регулиран?** | Закон за денационализација | Закон за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост. | Закон за третман на бесправно изградените градби |

# ОКОЛУ ТРОШОЦИТЕ ВО УПРАВНИТЕ ПОСТАПКИ

Водењето на управните постапки, условно кажано, е поевтино од судските. Најчесто нема спротивставена страна, тие се временски пократки и ретко постои потреба од скапи доказни средства.

## 1. Кои се трошоците во управните постапки?

- плаќање на разни видови такси,(опишани подолу во Водичот);
- трошоци за прибирање докази (уверенија, потврди, елаборати и сл.)
- во посложените постапки и трошоци на правна помош од адвокат.

## 2. Административни такси

### 1. Што претставуваат административните такси?

Административните такси се парични надоместоци што се плаќаат за списите и дејствијата кај органите на државната управа и општините. Таксите се плаќаат врз основа на Таксената тарифа, која е дел од Законот за административните такси. Таксата ја плаќа лицето по чие барање се покренува постапката, односно се вршат дејства предвидени со таксената тарифа. Таксата се плаќа во моментот на настанувањето на таксената обврска, ако за одделни случаи не е поинаку пропишано.



## 2. Кои лица се ослободени од плаќање на административните такси?

**Ослободени од плаќање на административни такси меѓу другите се и:**

- граѓаните со слаба имотна состојба, корисниците на основни и други права според Законот за социјалната заштита;
- воените инвалиди од војните, мирновремените воени инвалиди и инвалидите на трудот, децата кои се уживатели на семејна инвалиднина и децата уживатели на лична инвалиднина до навршени 25 години од животот
- за списите и дејствата во врска со школувањето во сите школи;
- инвалидите кои се ослободени од плаќање годишни надоместоци за употреба на моторни возила - во постапката за стручен преглед на тие возила заради регистрација;
- работниците кои привремено се наоѓаат надвор од работен однос - во постапката за добивање материјално обезбедување и за други права што им припаѓаат по таа основа.

## 3. За кои дејствија не се плаќаат административни такси?

- списи и дејства во постапката за прибирање докази за лошата имотна состојба, заради признавање на ослободување од плаќање такса;
- списи и дејства во постапката за запишување во книгите на државјаните;
- списи и дејства во постапката за пријавување и запишување во матичните книги;
- списи и дејства за остварување на правата од здравственото, пензиското и инвалидското осигурување;
- списи и дејства за доделување социјална помош и за остварување на други форми на социјална заштита (сместување во социјални установи и слично);
- списи и дејства во постапката за остварување на правата на инвалидите кои според законот им се признати, и
- списи и дејства во постапката за издавање работна книшка и утврдување на работниот и посебниот однос на пензискиот стаж.

## 4. Колку изнесуваат административните такси?

Висината на административните такси се пресметува во согласност со таксената тарифа, која е составен дел на Законот за административните такси. Во продолжение има преглед на најчестите дејствија и соодветната административна такса којашто треба да се плати за нив.

| | |
|---|---|
| За барања, молби, предлози пријави и други поднесоци, ако со оваа тарифа не е пропишана друга такса | **50,00 ден.** |
| За жалба против решенија донесени од градоначалникот | **250,00 ден.** |
| За сите решенија за кои не е пропишана посебна такса | **250,00 ден.** |
| Уверение | **50,00 ден.** |
| За уверение за давање податоци од казнената евиденција заради остварување право во странство | **100,00 ден** |
| За заверка на потпис и печат на исправи | **50,00 ден** |
| За издавање извод од урбанистички план | **500,00 ден** |

Дополнителни информации поврзани со обезбедувањето бесплатна правна помош, упатства за решавање на најчестите правни проблеми и можност да побарате определена правна информација можете да добиете на веб-порталот pristapdopravda.mk

pristapdopravda.mk

МАКЕДОНСКИ ВЕБ ПОРТАЛ ЗА
ПРИБЛИЖУВАЊЕ НА ПРАВОТО
ДО ГРАЃАНИТЕ

- - -

Изработката и печатењето на водичот *„**Како да ги остварам и да ги заштитам моите права? Колку ќе ме чини тоа?** - Водич за видовите, начините и трошоците за остварување и заштита на правата во македонскиот правен систем„* е активност од проектот „Еднаков пристап до правдата за сите граѓани“ кој го спроведува Македонското здружение на млади правници во соработка и поддршка од Фондацијата Отворено општество Македонија. Проектот има за цел да придонесе кон поефикасна примена на Законот за бесплатна правна помош и обезбедувавањето на правото на еднаков и ефикасен пристап до правдата на граѓаните како и налицата кои престојуваат во Р.М.

- - -

**Издавач:** Македонско здружение на млади правници
**За издавачот:** Јасмина Брезовска, Претседател
**Подготвил:** Македонско здружение на млади правници, www.myla.org.mk,contact@myla.org.mk, и Фондација Отворено општество - Македонија,www.soros.org.mk, pravo@soros.org.mk
**Уредници:** Гоце Коцевски, Данче Даниловска - Бајдевска
**Лектура:** Абакус
**Ликовно-графичко обликување:** Скенпоинт
**Печат:** Скенпоинт
**Тираж:** 500

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

35.077.3(497.7)(036)
347.921.6(497.7)(036)

КАКО да ги остварам и заштитам моите права?, Колку ќе ме чини тоа?
: водичи за видовите, начините и трошоците за остварување и заштита
на правата во македонскиот правен систем. - Скопје : Македонско
здружение на млади правници, 2013. - 28 стр. ; 21 см

ISBN 978-608-65401-2-8

а) Судски постапки - Трошоци - Македонија - Водичи
COBISS.MK-ID 93040394